Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 51 г став 6 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 50-та седница одржана на 30.06.2011 година донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на критериумите и ликидните нивоа за распределба на хартиите од вредност по групи

1. За рангирање на хартиите од вредност според критериумот просечен дневен промет важат следниве услови:

    - Ранг 1 - Просечниот дневен промет (не земајќи ги предвид блок трансакциите) за определена хартија од вредност во последните шест месеци да е еднаков или поголем од 500.000 МКД;
    - Ранг 2 - Просечниот дневен промет (не земајќи ги предвид блок трансакциите) за определена хартија од вредност во последните шест месеци да е поголем од 100.000 но помал од 500.000 МКД;
    - Ранг 3 - Просечниот дневен промет (не земајќи ги предвид блок трансакциите) за определена хартија од вредност во последните шест месеци да е поголем од 10.000 но помал од 100.000 МКД;
    - Ранг 4 - Просечниот дневен промет (не земајќи ги предвид блок трансакциите) за определена хартија од вредност во последните шест месеци да е помал од 10.000 МКД.

2. За рангирање на хартиите од вредност според критериумот просечен дневен број на трансакции важат следниве услови:

    - Ранг 1 - Просечниот дневен број на трансакции (не земајќи ги предвид блок трансакциите) за определена хартија од вредност во последните шест месеци да е еднаков или поголем од 5 трансакции;
    - Ранг 2 - Просечниот дневен број на трансакции (не земајќи ги предвид блок трансакциите) за определена хартија од вредност во последните шест месеци да е поголем 1 но помал од 5 трансакции;
    - Ранг 3 - Просечниот дневен број на трансакции (не земајќи ги предвид блок трансакциите) за определена хартија од вредност во последните шест месеци да е поголем од 0,5 но помал од 1 трансакција;
    - Ранг 4 - Просечниот дневен број на трансакции (не земајќи ги предвид блок трансакциите) за определена хартија од вредност во последните шест месеци да е помал од 0,5 трансакции.

3. Ликвидното ниво за одредена хартија од вредност се утврдува врз основа на збирот на ранговите од подинечните критериуми од точка 1 и точка 2 од оваа Одлука како што следи:

- Ликвидно ниво 1 - Збирот од ранговите од поединечните критериуми да е еднаков на 2;
- Ликвидно ниво 2 - Збирот од ранговите од поединечните критериуми да е еднаков на 3 или 4;
- Ликвидно ниво 3 - Збирот од ранговите од поединечните критериуми да е еднаков на 5 или 6;
- Ликвидно ниво 4 - Збирот од ранговите од поединечните критериуми да е еднаков на 7 или 8;

4. Утврдувањето на ликвидните нивоа за распределба на хартиите од вредност по групи се врши два пати во годината, на 1-ви Март и 1-ви Септември, при што се земаат предвид податоци од тргувањето во претходните 6 месеци од датумите на утврдувањето.

5. Почетокот на важење на новата распределба на хартиите од вредност по групи е на 15-ти Март и 15-ти Септември, соодветно.

6. Берзата ги објавува утврдените ликвидни нивоа за распределба на хартиите од вредност по групи најмалку 5 дена на тргување пред да станат важечки.

7. Првото утврдување на ликвидните нивоа се врши на 15.07.2011 година, при што се земаат предвид податоци од тргувањето во претходните 6 месеци, заклучно со 14.07.2011 година. На 15.07.2011 година Берзата ги објавува утврдените ликвидни нивоа коишто важат со денот на нивното утврдување.

8. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките и архивата на Берзата и за истата да се информира јавноста.

9. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува од 15.07.2011 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**